ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА
# НА
# НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

## СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ -787

01 2019 05 02/2

**Скопје, февруари 2020 година**

# Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-15 |
| **Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Промени на капиталот | 18 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 19 |
| Сметководствени политики | 19-21 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 21-27 |

**Прилог**
Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор
Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

НУ-Национална установа
МНТ – Македонски народен театар
МФ-Министерство за финансии

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:14-311/2

Дата: 17.02.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ Македонски народен театар - Скопје, (во понатамошниот текст НУ МНТ), сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2018 година.

Ревизијата изразува неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2018 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ Македонски народен театар за 2008 година, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) и е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2010 година, извршена е ревизија на спроведувањето на препораките со што е констатирано дека од вкупно 6 препораки, 5 препораки се спроведени, а една не е спроведена.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај НУ МНТ, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2018 година констатирани се следниве состојби:

- неусогласеност помеѓу Правилникот за внатрешна организација на работата на НУ МНТ и Статутот на институцијата во делот на организационата поставеност и непочитување на одредбите од Статутот при назначувањето на раководител на подружницата за вршење на угостителски услуги;
- неправилности во функционирањето на подружницата за вршење на угостителски услуги како што се: наплата на приходи без соодветно донесен акт, не доставена материјална евиденција од продажбата на стоки во

трговијата на мало, неусогласеност на фактичката со сметководствената состојба на залихите на стоки во бифе, сметководствено евидентиран кусок на залихи на стоки во бифе на товар на субјектот без Одлука од УО и неизвршен попис на залихите на стоки со состојба 31.12.2018 година;

- преземање на финансиски обврски над обезбедените средства, ангажирање на лица по договор за дело без да се почитуваат одредбите од Законот за трансформација во редовен работен однос и непочитувањето на одредбите од склучените договори во однос на начинот на испорака на горивото;
- наплата на приходи од закуп на салите на НУ МНТ без соодветно донесен ценовник за видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување, како и необезбедена соодветна поткрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи кои се однесуваат за печатење на плакати за претстави, театарски и музејски каталози, флаери, списание, книга и печатење на церадни платна;
- несоодветното проценување на билансните позиции согласно сметководственото начело на парично искажување, односно материјално и сметководствено не евидентирање на залихи на материјали, ситен инвентар и други материјали и не целосно и не правилно извршен попис и
- непочитување во целост на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во субјектот треба да преземат активности за: забрзување на постапката за бришење на организационата единица за угостителски услуги од Статутот на НУ МНТ, ангажирање на лица по договор за дело согласно законските прописи, почитување на одредбите од склучените договори, донесување на ценовник за закуп на салите со кој ќе се определи видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување, плаќањето да се врши врз основ на целосна и веродостојна документација, целосно и правилно спроведување на пописот и склучување на договорите за јавни набавки врз основа на резултатите од спроведената електронска аукција и во рамките на обезбедените средства со Одлуката за јавни набавки.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата смета за потребно да обелодени дека ангажирањето на надворешни лица со Договори за адвокатски услуги за вршење на работи за кои согласно Правилникот за систематизација на работните места и Законот за јавни набавки се предвидени вработени лица во институцијата, може да влијае на рационално и наменско користење на расположливите средства.

Од страна на законскиот застапник на НУ Македонски народен театар добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено дека претставуваат известување за причините поради кои се настанати утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Македонски народен театар - сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ МНТ за 2008 година, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) и е изразено неповолно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драган Спасов, в д директор од 04.08.2017 до 02.02.2018 година;
- Симона Угриновска, в д директор од 02.02.2018 до 31.08.2018 година и од 31.08.2018 година директор;

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена ( со прекини ) во периодот од 01.07. до 13.09.2019 година кај НУ Македонски театар, од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2010 година, извршена е ревизија на спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ МНТ, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), бр. 0903-150/1 од 09.11.2009 година, за што е изготвен Преглед за статусот на препораките доставен до раководното лице на субјектот. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од вкупно 6 препораки, 5 препораки се спроведени, а една не е спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 02.10.2019 година.

На ден 28.01.2020 година, од страна на законскиот застапник на НУ Македонски народен театар добиени се забелешки/коментари на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и се утврди дека претставуваат известувања за причините како и за преземени активности за надминување на определени констатации во извештајот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно Статутот на НУ МНТ бр.02-347 од 05.04.2016 година, основната дејност на установата е подготвување и објавување на уметнички дела -

изведувачка уметност, што опфаќа подготовка и изведба на театарски претстави и други работи согласно закон и статут. Покрај основната дејност НУ МНТ врши и повеќе дополнителни дејности. На седницата одржана на 28.10.2015 година УО на НУ МНТ има донесено Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на НУ МНТ бр.0201-5723 во која е наведено дека покрај основната дејност НУ МНТ во рамки на дополнителните дејности врши и угостителски дејности под услови утврдени со закон, а за таа цел во рамки на установата се формира организациона единица–подружница за вршење на угостителска дејност. Подружницата нема својство на правно лице, а за обврските на подружницата неограничено одговара НУ МНТ. Со увид на актите со кои се уредува внатрешната организација на националната установа, видовите на организационите облици и нивната надлежност, ревизијата утврди дека:

- Иако со Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот од 28.10.2015 година формирана е организациона единица–подружница за вршење на угостителска дејност, не е извршена измена на Правилникот за внатрешна организација на работата на НУ МНТ бр.04-44 од 21.01.2016 година, што придонесува за неусогласеност помеѓу Правилникот за внатрешна организација на работата на НУ МНТ и Статутот на институцијата во делот на организационата поставеност. Не предвидувањето на организационата единица – подружница за вршење на угостителска дејност во Правилникот за внатрешна организација на работата на НУ МНТ, не е во согласност со член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор каде се укажува дека со актот за внатрешна организација се утврдува видот и бројот на организациони единици и нивниот делокруг на работа.

  Наведената состојба има за ефект неможност од вработување во редовен работен однос на лицата, кои работниот ангажман во бифе го извршувале по договор за дело;

- Директорот на институцијата не постапил во согласност со член 12 од Статутот и наместо да назначи раководител на подружницата, самиот се назначил за овластено лице на подружницата;
- На 16 03.2018 година од страна на УО на НУ МНТ донесена е Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на националната установа бр.02-176, со која во Статутот се брише организационата единица за угостителски услуги. НУ МНТ има доставено барање бр.03-188 од 21.03.2018 година до Министерство за култура за согласност на Статутарната одлука за бришење на подружницата за вршење на угостителска дејност, по кое Министерство за култура сеуште нема одговорено.

**Препорака**

Од страна на одговорното лице на институцијата да се продолжат активностите во насока на забрзување на постапката за добивање согласност од Министерството за култура, со што во Статутот се ќе се избрише организационата единица за угостителски услуги.

4.1.2. Во рамки на формираната подружница за вршење на угостителска дејност-Бифе, НУ МНТ врши продажба на стоки во трговија на мало до месец март 2018 година. Во врска со работењето на подружницата, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Во 2018 година од продажбата на стоките во бифе остварен е приход во износ од 301 илјада денари. На ревизијата не и беше доставен на увид ценовник, со утврдени цени по кои се продавале артиклите во бифе. Наведената состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има резултат наплата на приходи без соодветно донесен акт;
- Со увид во документацијата ревизијата утврди дека стоките во бифе се евидентираат сметководствено на соодветните сметки за стоки во продавница, вкалкулиран данок на додадена вредност и разлика во цени. На ревизијата не и беа доставени документи од материјалната евиденција за работата на подружницата како што се Образецот ЕТ за евиденција во трговија на мало и Образец ПЛТ односно Приемен лист во трговија на мало, поради што не се увериме во реалноста и објективноста на прикажаните состојби на сметката за стоки во продавница. Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со Правилникот за формата и начинот на водење на евиденција за набавката и продажбата на стоките и услугите во трговијата на големо и мало, што има влијание на реалното прикажување на позициите во Билансот на состојба;
- Во услови на неизвршен редовен попис на стоките во бифе од страна на Комисија за попис формирана од редот на вработените во субјектот, лицето ангажирано за работа во бифе по договор за дело извршило физички попис на стоките во бифе со состојба 31.12.2017 година. Со физичкиот попис утврдена е неусогласеност на фактичката со сметководствената состојба на залихите на стоки, односно утврден е кусок на стоки во бифе во износ од 914 илјади денари. Кусокот на стоките е резултат на издавање на стока без наплата на истата, со запишување на должниците;
- Во сметководствената евиденција на НУ МНТ кусокот е евидентиран преку намалување на вредноста на стоките на залиха за вредноста на утврдениот кусок, без донесена Одлука на УО, без да се евидентираат

побарувања од должниците, што не е во согласност со член 21 од Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект неможност да се наплатат долговите од должниците што паѓа на товар на НУ МНТ и намалени приходи на НУ МНТ;

- По престанокот со работа на подружницата, во месец април формирана е комисија за вонреден попис која има изготвено Извештај од извршениот попис и Записник за отпис на стоки со поминат рок. Врз основ на записникот донесена е Одлука на УО бр.02-405 од 01.06.2018 година за отпис на стока со поминат рок во износ од 63 иљади денари. За остатокот од стоката на залиха во износ од 351 иљада денари со Одлука на УО бр.02-611 од 19.09.2018 година дадено е одобрување за нејзино користење за настани кои ги организира институцијата. И покрај даденото одобрување од УО, стоката е делумно искористена, истата е веќе со поминат рок, не се води во евиденцијата и не е направен попис со состојба 31.12.2018 година.

Имајќи во предвид дека подружницата за вршење на угостителски дејности не работи од март 2018 година, а НУ МНТ не располага со веродостојна документација врз која што ќе може да се задолжат должниците за настанатиот кусок, ревизијата не дава препорака.

4.1.3. На почетокот на 2018 година, на сметката на буџет од самофинансирачки активности, пренесени се неплатени обврски од минати години во вкупен износ од 6.050 иљади денари, а во текот на 2018 година пренесени се и неплатени обврски од сметката на основен буџет 603 во износ од 860 иљади денари кои се однесуваат на тековни расходи и расходи за проекти. Со извршената анализа, констатирано е дека вкупните неплатени обврски кои потекнуваат од минати години, а се пренесени во 2018 година изнесуваат 48% од вкупните остварени приходи за годината предмет на ревизија, поради што, НУ МНТ не е во можност истите да ги подмири во целост. Од причини што не се обезбедени доволно средства, дел од овие обврски се платени во текот на годината предмет на ревизија, дел се платени по извршни решенија, така што на крајот на 2018 година, преземените а неплатени обврски се намалени во однос на 2017 година и изнесуваат 2.868 иљади денари. Ваквиот начин на работа, на преземање на обврски кои ги надминуваат обезбедените средства не е во согласност со член 70-а од Законот за култура, при што се доведува во прашање нивното подмирување како и целокупното тековно работење на НУ МНТ.

**Препорака**

Директорот на НУ МНТ, годишната програма за работа да ја реализира во рамките на обезбедените средства од Министерството за култура и од други

извори, односно да не презема обврски над обезбедените средства, а не ги обезбедил од други извори на средства.

4.1.4. За ангажирање на лица со договори за дело и авторски договори, склучен е Договор бр.05-460/30 од 21.07.2017 година за обезбедување на услуги за ангажирање на авторска агенција за период од една година во вкупната вредност од 600 илјади денари и Договор бр. 05-509/14 од 25.09.2018 во вредност од 300 илјади денари. Во однос на реализираните расходи по склучени договори за дело и авторски договори, ревизијата ги констатира следните состојби:

- ✓ Согласно Законот за трансформација во редовен работен однос институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица, ниту да се ангажираат за период подолг од 24 месеци. По исклучок од членот 8 од овој закон, институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент и со поголемо времетраење од предвиденото по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии;
- ✓ НУ МНТ во месец декември 2017 година има обезбедено согласност од Министерството за финансии за ангажирање на 15 лица по договор за дело до 31.12.2018 година и тоа за: еден инспициент, 3 декоратери, 2 светло оператори, 2 видео оператори, еден тон оператор, еден вајар, еден возач, еден хаус мајстор, еден раководител на бифе, еден келнер и еден распоредител/гардеробер со дефинирани месечни надоместоци за секое работно место. Од извршениот увид во обезбедената согласност од страна на МФ, сметководствената евиденција и документација, ревизијата констатира дека:
    - договорите за дело се склучуваат по изминување на периодот за кој се ангажираат лицата за извршување на интелектуална и физичка работа;
    - надминат е бројот на лица кои може да се ангажираат по договор за дело според добиената согласност од МФ и тоа во месец јануари со ангажирање на едно лице, а во месец март со ангажирање на две лица, за што се исплатени вкупно 59 илјади денари;
    - за периодот јануари - февруари, на лицата ангажирани со договор за дело исплатени им се надоместоци во нето износ од 334 илјади денари повеќе од средствата за кои е обезбедена согласност од страна на МФ;
    - реализирани се трошоци по основ на склучени договори за дело во нето износ од 466 илјади денари за работни места за кои не е добиена согласност од страна на Министерството за финансии, односно

истите не биле предвидени со Барањето за обезбедување на согласност бр.03-884 од 01.12.2017 година.

Ваквите состојби не се во согласност со член 8 и 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос и имаат за ефект ненаменско користење на средствата со кои располага институцијата.

**Препорака**

Директорот на НУ МНТ да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди ангажманот на лицата по договор на дело да биде согласно законски пропишаната рамка.

4.1.5. НУ Македонски народен театар има склучено Договор бр.05-223/9 од 15.05.2017 за набавка на гориво во износ од 590 илјади денари и Договор бр.03-356/14 од 26.09.2018 во вкупна вредност од 354 илјади денари. Во текот на 2018 година по овој основ направени се расходи во вкупен износ од 246 илјади денари. Со извршениот увид во документацијата констатирано е дека набавката и плаќањето на течни горива не се врши во согласност со член 4 од Договорите за сукцесивна набавка на стока - гориво, поради следното:

- на ревизијата не и беше доставен писмен доказ за поднесено барање за издавање на безготовинска картичка, во кое се наведува регистарски број на возилото, месечниот лимит за секое возило и список на лица овластени да ја користат безготовинската картичка;
- со извршените детални тестирања констатирано е дека извршена е набавка на течни горива за возила кои не се во сопственост на ревидираниот субјект и
- плаќањето не се врши со безготовинска картичка врз основа на која на корисникот му се издава сметка во два примерока која е должен да ја провери и потпише на лице место како потврда за извршената набавка, туку преку месечна фактура кон која е приложен детален рекапитулар на испратници.

Непочитувањето на одредбите од Договорот, а кои се однесуваат на начинот на испорака на стоките – горивото, не обезбедуваат веродостојна документација за намената за која е извршена набавката на гориво, со што се создава ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Набавката и плаќањето на течни горива да се врши согласно условите во Договорите за сукцесивна набавка на стоки - гориво со обезбедена веродостојна документација за признавање на расходите по тој основ.

4.1.6. Во текот на 2018 година по основ на закуп на простор НУ МНТ има остварено приходи во износ од 2.860 илјади денари. Наплатата на приходите се врши врз основ на Одлука на УО бр.04-4395/2 од 26.02.2014 година за издавање на деловен простор-сценска сала, мала сала и аудиториум, со која е регулирано цената на издавање на деловниот простор да изнесува од 60 до 200 илјади денари, во зависност од капацитетот на користење на сценска механизација, сценска техника, помошни простории, помошно технички персонал, дополнителна техничка опрема, време на почнување на настанот, време и датум на користење на просторот. Утврдувањето на цената за закуп во варијабилен распон не е во согласност со член 47 од Статутот во кој е наведено висината на цените на услугите да ја утврдува УО на НУ МНТ со Одлука со која ќе се определи видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник) и има за ефект наплата на приходи без соодветно утврден акт и создава ризик од субјективно постапување при склучување на договорите за закуп.

**Препорака**

Одговорното лице на субјектот да преземе мерки и активности за донесување на Ценовник со кој ќе се определи видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување.

## 4.2. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.1. Наодот изнесен во точката 4.3.1 од Извештајот за сметката на основен буџет (603) кој се однесува на неправилностите во врска со реализација на договорот за печатарски и издавачки услуги се однесува и на сметката на буџетот за самофинансирачки активности (787) од која се исплатени 492 илјади денари.

**Биланс на состојба**

4.2.2. Наодот изнесен во точката 4.3.2 од Извештајот за сметката на основен буџет (603) во врска со начинот на спроведување на пописот на средствата и изворите на средства на 31 декември 2018 година се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787). Во таа насока, констатирано е дека на побарувањата евидентирани на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) не е извршен попис согласно законските одредби, односно преземени се состојбите од сметководствената евиденција, без да се утврди основот и од кога потекнуваат ненаплатените побарувања како и можноста за наплата на побарувања кои потекнуваат од минати

години.

4.2.3. Наодот изнесен во точката 4.3.3 од Извештајот за сметката на основен буџет (603) кој се однесува на невоспоставена материјална и сметководствена евиденција на костими, реквизити, ситен инвентар и други материјали кои се користат при реализацијата на годишните програми за работа на националната установа се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787).

## 4.3. Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки за јавни набавки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

4.3.1. Согласно Законот за јавните набавки договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука врз основа на резултатите добиени по затворањето на електронската аукција согласно критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договор за јавна набавки. Во 2017 и 2018 година склучени се два Договори за набавка на гориво во висина на обезбедените средства со Одлуката за јавна набавка, а не согласно постигнатата цена на електронската аукција. Договорите се склучени на вредност која е за 239 илјади денари повисока од висината на средствата кои се реално потребни за набавка на предметната стока. Ваквата состојба не е во согласност со член 128 став 2 и член 162 од Законот за јавни набавки и истото има за ефект нерационално користење на средствата со кои располага НУ МНТ.

4.3.2. Наодот изнесен во точка 4.4.2 од Извештајот за сметката на основен буџет (603), во врска со утврдените неправилности во спроведување на постапката за јавна набавка на услуги за мобилна телефонија, се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (788) од која се врши делумно финансирање на набавката.

4.3.3. Во 2016 година спроведена е постапка за јавна набавка на пијалаци и продукти за бифе по која НУ МНТ исплаќа заостанати обврски кон добавувачите и во текот на 2018 година. Вкупната проценета вредност на јавната набавка согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-661/1 од 22.07.2016 година изнесува 2.460 илјади денари со ДДВ. Предметот на договорот е делив на 8 дела на начин дефиниран во техничката спецификација, а за секој поединечен дел

спроведена е посебна електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки. Со увид на документацијата ревизијата утврди дека со електронската аукција постигнати се цени за одделните делови од предметот на договорот кои збирно значително ја надминуваат проценетата вредност од Одлуката за јавна набавка. При тоа договорниот орган - НУ МНТ не постапил согласно член 28 став 4 од Законот за јавни набавки, каде е предвидено дека доколку во текот на постапката за доделување договор за јавна набавка, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во Одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да до обезбеди средства потребни за реализација на договорот, или да ја поништи постапката. Од страна на договорниот орган не се преземени мерки за измена на Одлуката во насока на до обезбедување на средства, ниту пак е поништена постапката, туку склучени се договори со четирите носители на набавката по одделни делови од предметот на набавката. Во договорите со носителите на набавката е наведено дека вкупната проценета вредност на набавката изнесува 2.460 илјади денари и ги опфаќа сите договори склучени врз основ на Одлуката за избор на понудувачи бр.05-661/26 од 13.12.2016 година, а вкупната вредност на стоките за секој поединечен дел ќе се утврди врз основ на стварно испорачаните количини.

**Препорака:**

1. Договорите за доделување на јавни набавки да се склучуваат врз основа на резултатите од спроведената електронска аукција.

2. Надлежните служби за спроведување на постапките прецизно да ги утврдуваат количините во тендерската документација и договорите да се склучуваат во рамките на обезбедените средства со Одлуката за јавни набавки.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, во точките од 4.1. до 4.3. кои се основ за изразување мислење се :

- неусогласеност на актите на институцијата во делот на организационата поставеност;
- неправилности во функционирањето на подружницата за вршење на угостителски услуги;
- непочитувањето на одредбите од склучените договори во однос на начинот на испорака на горивото;

- наплата на приходи од закуп на салите на НУ МНТ без соодветно утврден ценовник за видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување;
- необезбедена соодветна поткрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи кои се однесуваат за печатарски и издавачки услуги;
- несоодветното проценување на билансните позиции согласно сметководственото начело на парично искажување, односно материјално и сметководствено не евидентирање на залихи на материјали, ситен инвентар и други материјали;
- не целосно и не правилно извршен попис и
- слабости и неправилности во дел од постапките за јавни набавки на стоки и услуги.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2, финансиските извештаи не ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ Македонски народен театар, сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787 на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење  за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Македонски народен театар, сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

Во текот на годината предмет на ревизија, НУ МНТ има склучено договор за адвокатски услуги бр. 03-632 од 17.9.2018 години во вкупен износ од 252 илјади денари и договор за адвокатски услуги бр.03-838 од 28.11.2018 година во вкупна вредност од 290 илјади денари, во траење од една година, кои ќе се исплаќаат како месечен паушален надоместок. Предмет на договорите е давање на интелектуално правни и адвокатски услуги поврзани со спроведувањето на постапките за јавни набавки и правна заштита во постапките за јавни

набавки, изработка, состав и усогласување на нормативните акти од областа на јавните набавки, како и давање на правни совети, мислења и толкувања и друго. Од извршените работи по основ на склучените договори, ревизијата не можеше да се увери во потребата од склучување на два договора, со два различни даватели на услуги, за вршење на исти интелектуални работи. Од друга страна, давателите на услуги се вклучени во подготвувањето на потребната документација за спроведување на јавни набавки, но не изготвуваат извештаи во врска со техничките, финансиските и другите работи со цел да го олеснат одлучувањето на комисијата при евалуација на понудите, предвидени со Законот за јавни набавки.

Имајќи во предвид дека исплатите по овој основ ќе се вршат во најголем дел во 2019 година, ревизијата смета за потребно да се преиспита оправданоста на договорите во поглед на рационалното и наменското користење на расположливите средства.

**НУ Македонски театар-Скопје**
**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1 | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 13.775 | 23.771 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 635 | 1.539 |
| **Вкупно приходи** | | **14.410** | **25.310** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2 | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 2.012 | 2.652 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 11.719 | 21.952 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **13.731** | **24.604** |
| **Капитални расходи** | 3.3 | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 16 | 71 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **16** | **71** |
| **Вкупно расходи** | | **13.747** | **24.675** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.4 | **663** | **635** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 3.5 | 104 | 308 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.6 | **559** | **327** |

**НУ Македонски театар-Скопје**

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 663 | 635 |
| Побарувања | 4.1.2 | 428 | 2.809 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3 | 70 | 188 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4 | 3.178 | 6.191 |
| Залихи | | 0 | 316 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.339** | **10.139** |
| **Постојани средства** | **4.2** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 18 | 24 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 221 | 251 |
| **Вкупно постојани средства** | | **239** | **275** |
| **Вкупна актива** | | **4.578** | **10.414** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 2.868 | 6.050 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.2 | 206 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.3 | 104 | 307 |
| Пасивни временски разграничувања | | 1.161 | 3.466 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.339** | **9.823** |
| **Извори на средства** | **4.4** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 239 | 591 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **239** | **591** |
| **Вкупна пасива** | | **4.578** | **10.414** |

**НУ Македонски театар-Скопје**

**Сметка на основен буџет (787)**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2018 година** | **275** | **316** | **591** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **37** | **351** | **388** |
| Набавки на стоки во бифе и ситен инвенатр | 37 | 351 | 388 |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **73** | **667** | **740** |
| Потрошени стоки во бифе | | 247 | |
| Ситен инвентар во употреба | | 6 | |
| Отпис на стоки во бифе | | 63 | **63** |
| Префрлени стоки за сопствена употреба | | 351 | **351** |
| Амортизација | 73 | | **73** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **239** | - | **239** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar më: 28.01.2020
Орг. Един. / Nj.org. | Број / Nr. 14-181/1 | Прилог / Shtojcë | Вредност

До
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Предмет: Доставување на образложение на Нацрт извештаи**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03-73
27.01.2020 год./viti
Скопје / Shkup

**Врска: Ваш број 14-118/5 od 18.12.2019. г.**

Почитувани,

Во врска со доставените Нацрт извештаи изготвени под горенаведениот број, Ве известувам дека сакам да дадам образложение со одреден дел на забелешки кои се утврдени од Ваша страна.

Имено, сакам да дадам дообјаснување за фактичката состојба во делот на пописот на средствата и изворите, а која што е евидентирана во Вашиот Нацрт и извештаите. Од причина што 5 години откако е променето седиштето на субјектот, поточно од 2014. година не е спроведен попис на средствата и изворите, јас како директор инсистирав да се спроведе пописот во 2018. година со цел да се утврди точно фактичката состојба на средствата и изворите. Забележав дека за спроведување на пописот се потребни бројчиња за инвентар, за кои пак за да се набават бевме обврзани да се спроведе јавна набавка за истите. Самата постапка за јавна набавка ја оддолжи постапката за пописот. Откако се набавија истите бројчиња, постапката отпочна веднаш да се спроведува и во наредните 4 месеци беше евидентирано околу 80 проценти од целиот инвентар во театарот, но во текот додека траеше оваа постапка 2 члена од комисијата за попис го прекинаа работниот однос со нашата институција, а тоа беше дополнителен проблем за реализација на обврската. Со одлука на управен одбор на НУ МНТ е формирана нова комисија за пописот која е задолжена истиот да го спроведе во целост согласно роковите предвидени за оваа година.

Забелешките во делот архивското и финансово работење се неспорни, истите ќе бидат надминати во наредниот период, но во овој дел сакам да појаснам дека голем дел за овие пропусти се должи на систематизацијата и кадарот со кој располага нашата установа. Констатирав дека за да функционира нашата установа потребни се соодветни кадровски корекции и на тоа ве известувам дека примарно сум посветена со цел корекција на досегашната систематизација која најодговорно тврдам дека имала големи недостатоци, а како резултат на истата се и Вашите забелешки. За краток период ке биде изготвена систематизација која ќе биде во согласност со новиот колективен договор и закони, поради што сум уверена дека за краток период ќе бидат воочени позитивните промени во работењето.

За забелешката во делот на пропустот при изготвување на плата за ноќни смени, ве известувам е дека е софтверски пропуст на друштвото кое го инсталирало во нашиот

Република Северна Македонија, Национална установа МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР Скопје, Ул. „11 Март" бр 3, 1000 Скопје
Republika e Maqedonisë se Veriut, Institucioni Nacional TEATRI POPULLOR MAQEDONAS Shkup, Rr. 11 Mars nr. 3 1000 Shkup
Republic of North Macedonia, National Institution MACEDONIAN NATIONAL THEATRE Skopje, Str. 11 March 3, 1000 Skopje
+389 2 3216 725, www.mnt.mk

систем, меѓутоа истиот пропуст е корегиран и сега платата се пресметува по вашата препорака.

Во делот на буџетите за јавните набавки ве известувам дека многу често во минатото, канстатирав дека старите директори за набавка на стоки или услуги не спроведувале јавни набавки, туку истите набавките ги набавувале во директни преговори и плаќале по основ на фактури, што не било согласно Законот за јавни набавки. Со моето доаѓање на место директор на НУ МНТ за секоја набавка над 500 евра, а сега по новиот закон над 1.000 евра, се спроведува постапка за јавна набавка, меѓутоа бидејки немавме искуство колку е потребно да се определи буџет за истите во некои јавни набавки се предвидени поголеми буџети, иако во текот на постапката потоа биле склучувани договори со економски оператори за многу пониски цени. Тука сакам да посочам дека се јавуваат и ситуации кои не можеме ни ние самите да ги предвидиме бидејки не секогаш може така лесно да се предвидат буџетите за јавни набавки во нашата дејност, а тука конкретно мислам на јавните набавки за костомографија и сценографија, иако сум сигурна дека со искуството кое ќе го стекнеме во иднина и тука ќе имаме предвиден приближно точен буџет.

Во делот на долговите сакам да ви појаснам дека како резултат на истите, направени од работењето на претходните директори, јас со моето доаѓање на функцита директор наследив 160.000,00 евра долгови по најразлича основа, од неплатени и доспеани обврски до изгубени судски предмети. Во текот на моето едногодишно работење јас успеав со одговорно работење од сопствена сметка на установата, без буџетски средства, да го намалам истиот дол на 30.000,00 евра, при тоа да немам заостанти тековни побарувања кои се во тек. Потсетувам, дека поради тоа несовесно работење јас лично побарав од Ваша страна да се изврши ревизија на неодговорното и непрофесионално работење на претходните директори.
Согласно предвидениот рок ви ги доставувам овие забелешки/објаснувања, со известување дека во најкраток можен рок ќе бидат извршени корекции за сите Ваши препораки.

Скопје, 24.01.2020. година

Со почит,

Симона Угриновска
директор

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 28.01.2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на НУ Македонски народен театар, бр. 14-118/5 од 18.12.2019 година, од одговорното лице Симона Угриновска, директор на НУ Македонски народен театар, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-181/1 од 28.01.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет – (603)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2** која се однесува на не извршен попис на средствата и изворите на средства на 31 декември 2018 година **претставува известување**, односно дообјаснување на причините поради кои субјектот не бил во можност да го спроведе пописот на средствата и изворите на средствата, необезбедени инвентарни броеви и прекин на работниот однос на два члена од комисијата за попис .

2. Забелешката на констатираните состојби во точките 4.1.1 и 4.2.1 кои се однесуваат на не донесени пишани процедури за финансиското работење и неправилностите во архивското работење, **претставува известување** за активностите што ќе бидат преземени во иднина за надминување на состојбите, образложение за причините поради кои истите настанале и потврда на констатираните состојби од страна на ревизијата. Недостатоците во систематизацијата и кадарот со кој располага субјектот се наведуваат како главна причина за утврдените слабости, поради што идните активности што ќе ги преземе субјектот во однос на подобрување на своето работење ќе бидат насочени кон изработка на нова систематизација, согласно новиот колективен договор.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2** која се однесува на неправилности во пресметката на додатокот на плата за работа ноќе, **претставува известување** за преземени активности по завршување на ревизијата, без доставени дополнителни докази кои би придонеле за промена/дополнување на изнесеното во наодот, односно доказ дека е извршена

корекција во софтверскиот систем за пресметка на плати и истата се пресметува согласно законските прописи.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4** која се однесува на  не спроведени постапки за јавни набавки и неправилности во планирањето на јавните набавки **претставува известување**, за причините за веќе утврдените состојби од страна на ревизијата. Во забелешката се наведени историски податоци кои не влијаат на промена на состојбите во наодот и податоци кои беа земени во предвид во текот на извршувањето на ревизијата.

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности – (787)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.3** која се однесува на преземање на обврски над обезбедените средства **не се прифаќа**, поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Во забелешката е наведено дека на почетокот на 2018 година наследени се неплатени и доспеани обврски од минати години и истите се намалени на крајот на годината предмет на ревизија,  состојба која е веќе констатирана во наодот.